# ПОВЕЛБА ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТ@ НА ИНТЕРНЕТ

**1**
Имам право да се чувствувам безбедно и да сурфам безбедно на интернет.

**2**
Имам право да истражувам и да учам, како и да уживам во сите добри и интересни нешта на интернет, наменети за деца и за тинејџери.

**3**
Имам право да не ги објавувам моите лични податоци на интернет.

**4**
Имам право да не ме малтретираат и заплашуваат преку интернет.

**5**
Имам право да ја игнорирам е-поштата и пораките од луѓе што не ги познавам или на оние што не им верувам.

**6**
Имам право да не пополнувам формулари и да не одговарам на прашања на кои наидувам на интернет.

**7**
Имам право во било кое време да побарам помош од родител или од друг возрасен во кој имам доверба.

**8**
Имам право да пријавам некого со кого комуницирам преку интернет ако мислам дека се однесува чудно или ако ми поставува чудни прашања.

**9**
Имам право да не чувствувам вина ако на мојот монитор се појават одбивни и невкусни содржини.

**10**
Имам право да ме почитуваат луѓето кои ги среќавам на интернет.

www.bezbednonainternet.org.mk



## ИМАМ ПРАВО ДА СЕ ЧУВСТВУВАМ БЕЗБЕДНО И ЗАШТИТЕНО НА ИНТЕРНЕТ!

Овој документ е создаден со финансиска помош од Европската унија. За содржината на овој документ одговара единствено Фондација Метаморфозис и истата не може да се поистоветува со ставовите на Европската унија.

МЕТАМОРФОЗИС